# СЕ ШТЕДИ

Во соработка со

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА




## 5. Пригодни монети



Монетите што се изработуваат во злато, но и од други метали се нарекуваат комеморативни или пригодни ковани пари. Нив најчесто ги купуваат и собираат колекционерите, а нивниот изглед може да биде со најразлични дизајни - со познати личности, споменици, институции, животни, хороскопски знаци, познати и важни историски настани ...
И Народната банка на Република Македонија изработува такви пари.

## 6. Девизи и валути



Девизите се платежни средства издадени во странска валута што се користат за плаќање во странство, а валути се парични единици, односно пари на некоја земја, како што е денарот на Република Македонија.

## 7. Буџет

Учевме и како да го пресметаме сопствениот семеен буџет. Научивме дека приходите се сите видови примања или добиени пари, а расходите се сите трошоци. Заедно направивме табела за пресметка на нашиот буџет.

| Ден | Приходи - од што, од кого? | Приходи - колку? | Расходи - за што? | Вкупно заштедени денари |
|---|---|---|---|---|
| понеделник | | | | |
| вторник | | | | |
| среда | | | | |
| четврток | | | | |
| петок | | | | |
| сабота | | | | |
| недела | | | | |
| крај на неделата | вкупно приходи | | вкупно расходи | = |




*Ликовно графички дизајн: Н. Николовска*